**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 септември 2018 година

**Соопштение за печат**

## Ревизија на податоците во екстерната статистика за 2016 и 2017 година

Согласно со меѓународно пропишаните стандарди и политиката за ревизија на податоците за екстерната статистика објавени во рамки на Методолошките објаснувања и Програмата за статистички истражувања 2018 - 2022 година, Народната банка на Република Македонија спроведува ревизија на објавените податоци за екстерната статистика (платен биланс, бруто надворешен долг/побарувања и меѓународна инвестициска позиција, како и движењата кај директните инвестиции) на редовна годишна основа.

Ревизијата произлегува пред сè од потребата за вклучување на новодобиените податоци од изворите на податоци коишто се прибираат со годишна динамика, а со цел да се подобри опфатот и класификацијата, односно квалитетот на прикажаните податоци.

Поконкретно, ревизијата на податоците во најголем дел произлегува од:

- *Вклучувањето податоци од годишните прашалници за вложувањата во/од странство за 2017 година.*

- *Ревизија на податоците за увоз и извоз на стоки за 2016 година, како резултат на добивање дефинитивни податоци за надворешнотрговската размена на стоки за 2016 година.*

- *Вкрстена проверка на квалитетот на податоците од користените извори, што доведува до промени во опфатот на податоците и/или прекласификации во насока на подобар опфат и квалитет на податоците за 2016 и 2017година.*

### *Платен биланс*

*Со извршената ревизија на податоците за 2016 година, дефицит на тековната сметка изнесува 275,5 милиони евра, односно бележи зголемување за 10,5 милиони евра. Индикаторот салдо на тековната сметка во однос на БДП од 2,7% се зголеми на 2,8%, односно за 0,1 п.п.*

Ревизијата е резултат на вклучувањето на дефинитивните податоци за надворешнотрговската размена за 2016 година добиени од Царинската управа на Република Македонија. Притоа, во тековната сметка овие ревизии делуваа во насока на зголемување на дефицитот од стоковната размена за 4 милиони евра и намалување на суфицитот кај услугите за 6,5 милиони евра, при истовремено зголемување на нето-обврските врз основа на трговски кредити во рамки на финансиската сметка, за 6,2 милиона евра.

*Резултатите од извршената ревизија на податоците за 2017 година покажуваат намалување на дефицитот на тековната сметка за 30,8 милиони евра и истиот сега изнесува 102,9*

*милиони евра. Како резултат на ова, индикаторот салдо на тековната сметка во однос на БДП се намали од 1,3% на 1%, односно за 0,3 п.п. за 2017 година.*

Најголем придонес во годишната ревизија на тековната сметка има промената на салдото кај **подбилансот на примарниот доход**, каде што негативното салдо бележи намалување за 26,4 милиони евра. Промената, пред сè, произлегува од замената на проценетиот износ на новосоздадената добивка од компании во странска сопственост со остварениот, како и на проценетиот износ на добивка остварена од страна на резиденти од вложувања во странство.

Ефекти од ревизијата врз билансот на плаќање во 2016 и 2017 година
(во милиони евра, во %)

| | пред ревизија | | по ревизија | | Разлика | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| **I. Тековна сметка** | **-265.0** | **-133.7** | **-275.5** | **-102.9** | **-10.5** | **30.8** |
| Стоки | -1,808.9 | -1,800.0 | -1,812.9 | -1,787.9 | -4.0 | 12.1 |
| Услуги | 347.2 | 399.7 | 340.7 | 377.0 | -6.5 | -22.7 |
| Примарен доход | -383.9 | -424.0 | -383.9 | -397.5 | 0.0 | 26.4 |
| Секундарен доход | 1,580.5 | 1,690.6 | 1,580.6 | 1,705.5 | 0.0 | 15.0 |
| **II.Капитална сметка, нето** | **10.7** | **7.3** | **10.7** | **18.0** | **0.0** | **10.7** |
| **III.Финансиска сметка, нето** | **-266.1** | **-148.6** | **-272.3** | **-94.5** | **-6.2** | **54.1** |
| Директни инвестиции, нето | -316.9 | -229.1 | -316.9 | -180.0 | 0.0 | 49.1 |
| Портфолио-инвестиции, нето | -429.2 | 17.3 | -429.2 | 18.5 | 0.0 | 1.3 |
| Финансиски деривати (освен резерви) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати инвестиции, нето | 141.8 | 209.2 | 135.6 | 213.0 | -6.2 | 3.8 |
| Останат сопственички капитал | -0.8 | -0.3 | -0.8 | -0.3 | 0.0 | 0.0 |
| Валути и депозити | 279.0 | 248.9 | 279.0 | 248.5 | 0.0 | -0.5 |
| Заеми | -106.1 | 33.0 | -106.1 | 36.8 | 0.0 | 3.9 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | -30.3 | -72.2 | -36.5 | -72.2 | -6.2 | 0.0 |
| Останати сметки за наплата/плаќање | 0.0 | -0.1 | 0.0 | 0.3 | 0.0 | 0.4 |
| Специјални права на влечење (Нето-создавање обврски) | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.0 |
| Официјални девизни резерви | 338.2 | -146.0 | 338.2 | -146.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Грешки и пропусти, нето** | **-11.8** | **-22.2** | **-7.5** | **-9.6** | **4.3** | **12.6** |
| **Ставки на меморандум** | | | | | | |
| Директни инвестиции во странство | 21.6 | -1.6 | 21.6 | 1.8 | 0.0 | 3.3 |
| Директни инвестиции во земјата | 338.4 | 227.5 | 338.4 | 181.7 | 0.0 | -45.7 |
| Тековна сметка, % од БДП | -2.7 | -1.3 | -2.8 | -1.0 | -0.1 п.п. | 0.3 п.п. |
| Трговско салдо (ф.о.б.) % од БДП | -18.6 | -17.9 | -18.6 | -17.8 | 0.0 п.п. | 0.1 п.п. |
| ДИ во земјата % од БДП | 3.5 | 2.3 | 3.5 | 1.8 | 0.0 п.п. | -0.5 п.п. |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства.
Извор: НБРМ, ДЗС.

Ревизијата кај подбилансите на стоки и услуги доведе до намалување на суфицитот кај услугите за 22,7 милиони евра и на трговскиот дефицит за 12,1 милион евра. Промените во

најголем дел се резултат на прераспределување на дел од нето-извозот на услугите (врз основа на доработки во земјата) во нето-извоз на стоки, како и на подобар опфат на податоците за работи на посредување.

Кај **секундарниот доход** е забележано зголемување на нето-приливите за 15 милиони евра, главно кај секторот „држава", како резултат на вклучување на приливите врз основа на даноци за дивиденди наплатени од нерезиденти (14,4 милиони евра), кои се единствено расположливи преку годишниот прашалник за вложувањата од странство.

Ревизијата кај **капиталната сметка** доведе до зголемување на суфицитот за 10,7 милиони евра, пред сè поради евидентиран трансфер на сопственоста во домашно претпријатие од нерезидент на резидент.

По спроведената ревизија, нето-приливите во **финансиската сметка** се намалени за 54,1 милион евра, при што најзначајна промена бележат директните инвестиции (за 49,1 милион евра), а во помал обем и заемите и портфолио-инвестициите (намалени нето-обврски за 3,9 и 1,3 милиони евра, соодветно).

Во рамки на категоријата директни инвестиции, промената пред сè, произлегува од замена на проценетите износи на новосоздадената добивка и пресметаните дивиденди со остварените износи. Како резултат на тоа, нето-стекнувањето средства врз основа на директните инвестиции е зголемено за 5,2 милиона евра, додека кај нето-создавањето на обврски е извршена надолна ревизија за 43,9 милиона евра. Намалувањето кај оваа ставка е резултат на сите три подкомпоненти и тоа: намалување на износот на реинвестираната добивка за 26,7 милиони евра, сопственичкиот капитал за 14,3 милиони евра и обврските врз основа на меѓукомпаниски долг за 2,8 милиони евра.

По ревизијата, грешките и пропустите во билансот на плаќања се намалени за 12,6 милиони евра и изнесуваат 9,6 милиони евра (со негативен предзнак).

Соодветно на промените во платниот биланс се извршени и промени во објавените податоци за движењата кај директните инвестиции, вклучително и во дополнителните податоци по земји и дејности.

## *Бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и нето надворешен долг*

Извршената годишна ревизија на податоците беше причина за намалување на состојбата на бруто надворешниот долг за 30,9 милиони евра и намалување на бруто надворешните побарувања за 4,8 милиони евра, со што нето надворешниот долг се намали за 26,1 милион евра. Како резултат на ова, бруто надворешниот долг изнесува 73,2% од БДП за 2017 година (понизок за 0,3 п.п.), додека бруто надворешните побарувања се на нивото од 44,9% од БДП (пониски за 0,05 п.п.).

Анализирано по сектори, ревизијата кај бруто надворешниот долг имаше одраз кај обврските на останатите сектори[1] (намалување за 13,8 милиони евра), но и кај меѓукомпанискиот долг (намалување за 17,1 милион евра).

На страната на бруто надворешните побарувања, промената се одрази главно како намалување на меѓукомпаниските побарувања (за 4,3 милиони евра).

Овие промени доведоа до намалување на нето надворешниот долг за 26,1 милион евра, при намалување на нето-долгот на останатите сектори за 13,3 милиони евра и на нето меѓукомпанискиот долг за 12,8 милиони евра.

Ефекти од ревизијата врз долгот, побарувањата и нето-долгот во 2017 година
(во милиони евра, во %)

| **Сектор на резидент** | **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | | | **БРУТО НАДВОРЕШНО ПОБАРУВАЊЕ** | | | **НЕТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлика** | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлика** | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлика** |
| 1. ДРЖАВА | 2,565.9 | 2,565.9 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 2,565.9 | 2,565.9 | 0.0 |
| 2. ЦЕНТРАЛНА БАНКА | 78.2 | 78.2 | 0.0 | 2,096.8 | 2,096.8 | 0.0 | -2,018.6 | -2,018.6 | 0.0 |
| 3. ДЕПОЗИТНИ ИНСИТУЦИИ, освен централна банка | 562.2 | 562.2 | 0.0 | 658.9 | 658.9 | 0.0 | -96.7 | -96.7 | 0.0 |
| 4. ОСТАНАТИ СЕКТОРИ | 2,112.3 | 2,098.5 | -13.8 | 916.0 | 915.5 | -0.5 | 1,196.3 | 1,183.0 | -13.3 |
| 5. ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ | 2,084.7 | 2,067.6 | -17.1 | 850.8 | 846.5 | -4.3 | 1,233.9 | 1,221.1 | -12.8 |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | **7,403.4** | **7,372.5** | **-30.9** | **4,522.6** | **4,517.8** | **-4.8** | **2,880.8** | **2,854.7** | **-26.1** |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ % од БДП** | **73.6** | **73.2** | **-0.3 п.п.** | **44.9** | **44.9** | **0.0 п.п.** | **28.6** | **28.4** | **-0.3 п.п.** |

Извор: НБРМ, ДЗС.

## *Меѓународна инвестициска позиција*

Ревизијата на податоците во извештајот за МИП, освен промените на должничките инструменти опфатени погоре, опфаќаат промени и кај сопственичките инструменти, во рамки на ставките директни и портфолио-инвестиции. Ревизијата кај сопственичките инструменти произлегува од потребата првично проценетите податоци коишто се објавуваат со квартална динамика, да се заменат со податоци од годишните прашалници за вложувања во и од странство.

*По спроведената ревизија, негативната МИП, нето, е намалена за 199,1 милион евра и изнесува 5.823 милиони евра, односно 57,8% од БДП (намалување за 2 п.п.). Промената е резултат на намалување на обврските за 204,6 милиони евра, при истовремено намалување на средствата за 5,5 милиони евра.*

На страна на средствата, директните инвестиции бележат надолна ревизија за 6,9 милиони евра, додека средствата по останат сопственички капитал се зголемени за 1,9 милиони евра. Во рамки на директните инвестиции, сопственичкиот капитал[2] е намален за 2,7 милиони евра.

---

[1] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.
[2] Со вклучена реинвестирана добивка.

Ефекти од ревизијата врз МИП во 2017 година
(во милиони евра, во %)

| | 2017 | | |
|---|---|---|---|
| | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлики** |
| **МИП, нето** | **-6,021.6** | **-5,822.5** | **199.1** |
| Средства | 5,162.8 | 5,157.3 | -5.5 |
| Обврски | 11,184.4 | 10,979.8 | -204.6 |
| *Сектори* | | | |
| МИП, нето, држава | -2,562.0 | -2,562.0 | 0.0 |
| МИП, нето, централна банка | 2,258.7 | 2,258.7 | 0.0 |
| МИП, нето, депозитни институции освен централната банка | -537.6 | -557.2 | -19.7 |
| МИП, нето, останати сектори | -5,180.7 | -4,962.0 | 218.7 |
| **Средства** | **5,162.8** | **5,157.3** | **-5.5** |
| Директни инвестиции | 974.6 | 967.6 | -6.9 |
| Портфолио-инвестиции | 300.2 | 300.2 | 0.0 |
| вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.8 | 2.8 | 1.9 |
| Валути и депозити | 635.5 | 635.5 | 0.0 |
| Заеми | 56.2 | 56.1 | -0.1 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 859.2 | 858.8 | -0.4 |
| Останати сметки за наплата | 0.1 | 0.1 | 0.0 |
| Девизни резерви | 2,336.3 | 2,336.3 | 0.0 |
| **Обврски** | **11,184.4** | **10,979.8** | **-204.6** |
| Директни инвестиции | 5,783.9 | 5,598.1 | -185.8 |
| Портфолио-инвестиции | 1,477.5 | 1,476.3 | -1.2 |
| вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 6.0 | 2.3 | -3.8 |
| Валути и депозити | 195.2 | 195.2 | 0.0 |
| Заеми | 2,871.6 | 2,872.0 | 0.3 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 771.9 | 757.7 | -14.1 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 78.2 | 78.2 | 0.0 |
| **МИП, нето/БДП (%)** | **-59.8** | **-57.8** | **2.0** |

Извор: НБРМ, ДЗС.

На страната на обврските, директните инвестиции се намалени за 185,8 милиони евра, од кои 168,7 милиони евра претставуваат намалување кај сопственичкиот капитал (41,1 милион евра врз основа на платнобилансни трансакции и 127,6 милиони евра како резултат на останати промени на состојбата на капиталот[3]) и 17,1 милион евра намалување на меѓукомпанискиот долг. Исто така, на страната на обврските кон нерезиденти намалување

[3] Останатите промени се збир на курсни разлики, ценовни (вредносни) промени и останати промени кои влијаат на состојбата на финансискиот инструмент, а не претставуваат трансакции (пр. промена во опфат на известувачи, промена на резидентен статус на инвеститорот и сл.). Оваа година за првпат е воведен метод на примерок при изборот на известувачите за вложувањата од странство ВС-22, наспроти досегашната обврска за известување според методот на цензус, односно обврска за известување на сите претпријатија со странски капитални вложувања. Притоа, примерокот овозможи покриеност од околу 97% од вредноста на податоците, што предизвика надолна промена во состојбата на сопственичкиот капитал во рамки на обврските по директните инвестиции од 114,8 милиони евра. Подетални информации за методолошката промена беа објавени во декември 2017 година, во рамки на Соопштението за промените во известувањето за вложувањата во / од странство на следнава врска: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Soopstenija/izvestuvanja/Soopstenie_za_promenite_za_izvestuvanjeto_za_vlozuvanjata_vo_od_stranstvo_19_12_2017.pdf)

е регистрирано и кај трговските кредити за 14,1 милион евра, а во помал обем и кај останатиот сопственички капитал и портфолио-инвестициите (за 3,8 и 1,2 милиона евра, соодветно).

Сопственичкиот капитал во рамки на директните инвестиции, нето, е намален за 166,1 милион евра.

***Придружни информации***

Временски серии податоци и методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/eksterni_statistiki.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).